20261201748

## НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 47 став 1 точка 6 од Законот за Народната банка на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 158/10, 123/12, 43/14, 153/15, 6/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 110/21, 74/24 и 16/25), а во врска со член 42 став 9 точки 1, 2, 3, 4 и 5 и став 10 и член 100 став 5 од Законот за платежни услуги и платни системи („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 90/22, 64/24, 37/25, 144/25 и 267/25) и член 4 став 5 и член 24 став 3 од Законот за девизното работење („Службен весник на Република Македонија“ бр. 34/01, 49/01, 103/01, 54/02, 51/03, 81/08, 24/11, 135/11, 188/13, 97/15, 153/15 и 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 110/21 и 37/25), Советот на Народната банка на Република Северна Македонија донесе

## ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ ПЛАТЕЖНИ ТРАНСАКЦИИ

1. Во Одлуката за извршување платежни трансакции („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 84/25), во точката 22, по ставот 3 се додава нов став 4 којшто гласи: „По исклучок на ставот 3 од оваа точка, платниот налог за присилна наплата може да се извршува делумно, во повеќе поединечни извршувања, во согласност со расположливите парични средства на платежната сметка на должникот, сè до неговото целосно извршување.“

2. Точката 28 се менува и гласи:

„Платниот налог за присилна наплата задолжително ги содржи следниве елементи:

- наименување на давателот на платежните услуги до кој е назначен платниот налог;
- наименување на корисникот на платежните услуги – должник;
- наименување на давателот на платежните услуги на извршителот или на друг надлежен орган во согласност со закон;
- број на платежната сметка (ИБАН или ББАН) или друга единствена идентификациска ознака на корисникот на платежните услуги – должник;
- наименување на извршителот или друг надлежен орган во согласност со закон;
- број на платежната сметка (ИБАН или ББАН) или друга единствена идентификациска ознака на извршителот или на друг надлежен орган во согласност со закон;
- износ на платежната трансакција (главен долг, камата и други надоместоци и трошоци поврзани со извршувањето);
- ознака за вклучена камата во износот на платежната трансакција од алинеја 7 од овој став;
- ознака за приоритет на платниот налог за присилна наплата во согласност со Законот за даночна постапка;
- ознака за наплата на повремени давања согласно Законот за извршување;
- датум на извршување;
- број на документот за присилна наплата;
- датум на поднесување на платниот налог за присилна наплата и
- електронски потпис на извршителот или на друг надлежен орган во согласност со закон.

Доколку во износот на платежната трансакција од ставот 1 алинеја 7 од оваа точка е вклучена камата, извршителот или друг надлежен орган, по извршувањето на платниот налог за присилна наплата, доставува нов платен налог за допресметаната камата, во којшто се внесува бројот на документот за присилна наплата од ставот 1 алинеја 12 од оваа точка, којшто бил внесен и во првичниот платен налог за присилна наплата, со што се задржува истиот редослед на присилна наплата по кој бил извршен првичниот платен налог за присилна наплата.

Извршителот или друг надлежен орган во согласност со закон го користи платниот налог за извршување кредитен трансфер од точка 26 од оваа одлука во случај кога, за целите на присилна наплата, врши пренос на парични средства помеѓу платежните сметки на корисникот на платежните услуги – должник коишто се одржуваат кај различни даватели на платежни услуги."

3. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Гувернер
и претседавач на Советот
на Народната банка на
Република Северна Македонија,
д-р **Трајко Славески,** с.р.

Бр. 02-18161/4
28 мај 2026 година
Скопје